Врз основа на член 157 точка 3 од Законот на пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на РМ“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 44/14, 97/14,113/14,160/14,188/14,20/15,61/15,97/15,129/15,147/15,154/15,173/15,217/15,13/16, 27/16,120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на РСМ“ број 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20) и член 33 став 2 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр.174/2013), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, на седницата одржана на 27.08.2021 година, утврди

# ПРЕДЛОГ НА БУЏЕТСКО БАРАЊЕ
## на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2022 година

### I. ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2022 година се состои од:

| | |
|---|---|
| | **денари** |
| **I . Вкупни приходи** | **85.795.270.000** |
| и тоа: | |
| - изворни и други приходи | 53.291.140.000 |
| - трансферни приходи | 32.504..130.000 |
| **II. Вкупни трошоци** | **85.795.270.000** |
| и тоа: | |
| - утврдени намени | 85.795.270.000 |

Член 2

Приходите по извори и видови на приходи и трошоците по основни намени се утврдуваат и тоа:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| Биланс на приходи по ставки и намени | | | 80.657.000.000 | 85.795.270.000 |
| Катего | Ставк | Опис | Ребаланс на Буџет 2021 година | Проекција Буџет 2022 година |
| 71 | | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 49.851.000.000 | 53.127.140.000 |
| 71 | 712 | Придонеси за социално осигурување | 48.451.000.000 | 51.701.940.000 |
| 71 | 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | 1.400.000.000 | 1.425.200.000 |
| 72 | | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 150.000.000 | 144.000.000 |
| 72 | 723 | Такси и надоместоци | 28.000.000 | 29.000.000 |
| 72 | 725 | Други неданочни приходи | 122.000.000 | 115.000.000 |
| 73 | | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 10.000.000 | 10.000.000 |
| | 734 | Приходи од дивиденди | 10.000.000 | 10.000.000 |
| 74 | | ТРАНСФЕРИ И ДАНОЦИ | 30.626.000.000 | 32.504.130.000 |
| 74 | 741 | Трансвери од други нивоа на власт | 30.626.000.000 | 32.504.130.000 |
| 77 | | ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 20.000.000 | 10.000.000 |
| 77 | 771 | Продажба на хартии од вредност | 20.000.000 | 10.000.000 |
| | | | | |
| Биланс на расходи по ставки и намени | | | 80.657.000.000 | 85.795.270.000 |
| 40 | | ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 270.410.000 | 297.576.000 |
| | 401 | Основни плати | 189.500.000 | 212.094.720 |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 74.000.000 | 82.481.280 |
| | 404 | Надоместоци | 6.910.000 | 3.000.000 |
| 42 | | СТОКИ И УСЛУГИ | 169.020.000 | 189.802.000 |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 1.880.000 | 1.880.000 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 51.892.000 | 59.920.000 |
| | 423 | Материјал и ситен инвентар | 12.404.000 | 12.450.000 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 32.207.000 | 32.400.000 |
| | 425 | Договорни услуги | 48.100.000 | 27.100.000 |
| | 426 | Други тековни расходи | 22.537.000 | 28.052.000 |
| | 427 | Привремени вработувања | 0 | 28.000.000 |
| 46 | | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 30.570.000 | 42.852.000 |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 2.000.000 | 2.000.000 |
| | 464 | Разни трансфери | 25.929.000 | 38.852.000 |
| | 465 | Исплата по извршни исправи | 2.641.000 | 2.000.000 |
| 47 | | СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ | 80.157.000.000 | 85.215.040.000 |
| | 472 | Плаќање на бенефиции од Фондот за ПИОСМ | 80.157.000.000 | 85.215.040.000 |
| 48 | | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 30.000.000 | 50.000.000 |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 15.000.000 | 25.000.000 |
| | 481 | Градежни објекти | 13.470.000 | 22.000.000 |
| | 486 | Купување на возила | 1.530.000 | 3.000.000 |
| | | | | |
| II Посебен дел | | | 80.657.000.000 | 85.795.270.000 |
| 1 | | АДМИНИСТРАЦИЈА | 459.910.000 | 527.230.000 |
| 10 | | Администрација | 459.910.000 | 527.230.000 |
| 40 | | Плати и надоместоци | 270.410.000 | 297.576.000 |
| | 401 | Основни плати | 189.500.000 | 212.094.720 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 74.000.000 | 82.481.280 |
| | 404 | Надоместоци | 6.910.000 | 3.000.000 |
| **42** | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **163.020.000** | **183.802.000** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 1.880.000 | 1.880.000 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, кому. и транспорт | 47.392.000 | 55.420.000 |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 12.354.000 | 12.400.000 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 30.907.000 | 31.100.000 |
| | 425 | Договорни услуги | 48.000.000 | 27.000.000 |
| | 426 | Други тековни расходи | 22.487.000 | 28.002.000 |
| | 427 | Привремени вработувања | | 28.000.000 |
| **46** | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **3.480.000** | **2.852.000** |
| | 464 | Разни трансфери | 839.000 | 852.000 |
| | 465 | Исплата по извршни исправи | 2.641.000 | 2.000.000 |
| **48** | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **23.000.000** | **43.000.000** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 15.000.000 | 25.000.000 |
| | 481 | Градежни објекти | 6.470.000 | 15.000.000 |
| | 486 | Купување на возила | 1.530.000 | 3.000.000 |
| **2** | | **ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ** | 80.182.090.000 | 85.253.040.000 |
| **20** | | **Пензиско и инвалидско осигурување** | **80.182.090.000** | **85.253.040.000** |
| **47** | | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **80.182.090.000** | **85.253.040.000** |
| **46** | | **Разни трансфери** | **25.090.000** | **38.000.000** |
| | 464 | **Трошоци за бањи и превоз** | 25.090.000 | 38.000.000 |
| | 472 | Плаќање на бенефиции од Фондот за ПИОСМ | 80.157.000.000 | 85.215.040.000 |
| **3** | | **ИНТЕРНАТСКО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЦА СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХОФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ** | 2.000.000 | 2.000.000 |
| **30** | | **Интернатско сместување на деца со пречки во психофизичкиот развој** | **2.000.000** | **2.000.000** |
| **46** | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **2.000.000** | **2.000.000** |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 2.000.000 | 2.000.000 |
| **4** | | **ТРОШОЦИ ЗА ДОМОВИТЕ ЗА ЖИВЕЕЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА** | 13.000.000 | 13.000.000 |
| **40** | | Трошоци за домовите за живеење на корисниците на пензија | 13.000.000 | 13.000.000 |
| **42** | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **6.000.000** | **6.000.000** |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комун. и транспорт | 4.500.000 | 4.500.000 |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 50.000 | 50.000 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 1.300.000 | 1.300.000 |
| | 425 | Договорни услуги | 100.000 | 100.000 |
| | 426 | Други тековни расходи | 50.000 | 50.000 |
| **48** | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **7.000.000** | **7.000.000** |
| | 481 | Градежни објекти | 7.000.000 | 7.000.000 |

Член 3

Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2022 година ќе се применува од 1 јануари 2022 година по предходно усогласување со Министерството за финансии и донесување од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Бр. 02- 4330/1
27. 08. 2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА УПРАВЕН ОДБОР,
Боро Варошлија

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**на Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2022 година**

# I. Општ дел

Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2022 година претставува годишен план на приходи и расходи за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување и непречено и навремено извршување на обврските од целите и задачите.

Буџетот претставува инструмент со помош на кој се врши финансирање на функциите на Фондот, рефлектира континуитет во спроведување на активностите за редовно и навремено обезбедување на средства од придонесите и другите извори предвидени со Закон за редовна и навремена исплата на пензиите и сите други права, како и подобрување на животниот стандард на корисниците на пензија и другите корисници. Буџетот има силно економско и социјално значење како дел на економската политика на Државата.

Буџетот на Фондот на ПИОСМ за 2022 година е изработен по добиениот буџетски циркулар од Министерството за финансии во кој се содржани главните насоки за подготвување на предлог – буџетското барање за годината, согласно очекуваните макроекономски индикатори за развојот на Републиката во 2022 година. Планирањето на приходите и расходите на Фондот земено е од нивото на обврските на Фондот во 2021 година и очекуваните нови обврски на Фондот во 2022 година што произлегуваат од спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување, согласно законската регулатива, Програмата на Владата на Република Северна Македонија, утврдените цели на Фондот во Стратегискиот план за периодот 2022-2024 година, како и насоките на Управниот одбор на Фондот за приоритетните цели и задачи за работата на Фондот во 2022 година.

При изработка на Буџетот на Фондот земени се и препораките од Владата на Република Северна Македонија за економично и рационално трошење на средствата за тековните расходи со ограничување на истите за 2022 година.

Приоритетни цели во работењето на Фондот во 2022 година се:

- Обезбедување на потребните средства за редовна и навремена исплата на пензиите и другите права кои произлегуваат од пензиското и инвалидското осигурување.
- Редовна и навремена исплата на средствата за солидарен фонд за починатите корисници на пензија.
- Подобрување на материјалната и социјалната сигурност на корисниците на пензија со усогласување на пензиите, согласно законските прописи.

- Навремена континуирана точна распределба и контрола на придонесите помеѓу Фондот и приватните пензиски фондови и вклученост на нововработените осигуреници согласно Законот.
- Редовно добивање на податоците на уплатениот придонес од Управата за јавни приходи за стажот и платите на осигурениците во базата на податоци во Фондот, за остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување.
- Квалитетна и навремена услуга на клиентите при остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување.
- Наплата на заостанатите неплатени придонеси заклучно со 2008 година со преземање на мерки за наплата на истите.
- Континуирани активности во функција на спречување на неосновано и назаконско остварување и исплата на права од пензиското и инвалидското осигурување.
- Доследна примена на сите прописи од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија.
- Унапредување на информациониот систем како техничка поддршка во спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување.
- Подобрување на условите за живеење на корисниците на пензија во домовите со кои стопанисува Фондот.

Во 2022 година Фондот ќе ги преземе и сите неопходни активности за реализација на приоритетните цели и други задачи кои произлегуваат од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Статутот и други акти на Фондот, како и обврските од Законот за капитално финансирано пензиско осигурување.

Основните претпоставки при проектирање на Буџетот на Фондот за 2022 година се следните:

**а) Во делот на приходите**

- примена на стапка на придонес за пензиско и инвалидско осигурување од 18,8%,
- пораст на бруто плати за 3,5%;
- пораст на бројот на вработените за 3,1%.

**б) Во делот на расходите**:

- законско усогласување на пензиите од 5%; од 1-ви јануари 2022 год.
- прилив на нови корисници на пензија за 1,68%.

Врз основа на остварените приходи и расходи на Фондот за периодот јануари-јуни како и оценките до крајот на 2021 година како и наведените претпоставки, проекциите за Буџетот на Фондот за 2022 година со избалансирани приходи и расходи изнесува 85.795,27 милиони денари.

За согледување на состојбите во остварувањето на приходите и во извршувањето на обврските на Фондот и во 2022 година, Стручната служба на Фондот редовно ќе ја следи и анализира финансиската состојба во текот на целата година и ќе го информира Управниот одбор на Фондот,

Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и други државни институции заради навремено преземање мерки за непречено остварување на функциите на Фондот.

## II. Проекција на приходите и расходите

Фондот во 2022 година ќе ги реализира функциите во рамките на вкупно планираните расходи во износ од 85.795,27 милиони денари, кои ќе се финансираат од оценетите приходи во износ од ниво на 85.795,27 милиони денари.

Со проекциите на приходите и расходите на Фондот дефицитот во 2022 година е планиран во износ од 19.719,13 милиони денари.

Приходите и расходите на Фондот по години изнесува и тоа:

| **Приходи односно расходи** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021-оценки** | **2022-план** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. ПРИХОДИ** | | | | | |
| - Изворни приходи | 37.990,40 | 41.927,10 | 46.341,86 | 48.451,00 | 51.701,94 |
| - Приходи од акцизи | 1.346,96 | 1.378,61 | 1.334,88 | 1.400,00 | 1425,2 |
| -Приходи од Буџет на РМ | 29391,94 | 28.098,22 | 29.852,40 | 30.626,00 | 32.504,13 |
| - Други приходи | 102,76 | 4.472,58 | 142,81 | 150,00 | 144,00 |
| - Приходи од дивиденда | 3,55 | 8,48 | 10,69 | 10,00 | 10,00 |
| -Приходи од продажба на акции и удели | 16,86 | 30,54 | 0,00 | 20,00 | 10,00 |
| **Вкупни приходи** | **68.852,47** | **75.915,53** | **77.682,64** | **80.657,00** | **85.795,27** |
| **2. РАСХОДИ** | | | | | |
| -Пензии | 54.227,72 | 56.318,10 | 60.212,72 | 62.619,00 | 66.590,27 |
| - Транзициони трошоци | 7.007,81 | 8.861,58 | 8.612,15 | 9.300,00 | 9.870,00 |
| - Надоместоци од инвалидско осигурување | 90,26 | 91,56 | 89,53 | 100,00 | 100,00 |
| - Придонес за здравствено осигурување | 6.827,33 | 7.437,42 | 7.881,72 | 8.140,00 | 8.656,77 |
| -Плати и надоместоци за вработените | 232,19 | 228,82 | 257,52 | 270,41 | 297,58 |
| Трошоци за банско лекување и превоз на пензионери | | 11,81 | 0,00 | 32,59 | 38,00 |
| - Други расходи | 158,89 | 173,15 | 159,58 | 195,00 | 242,65 |
| **Вкупно расходи** | **68.544,20** | **73.122,44** | **77.213,22** | **80.657,00** | **85.795,27** |
| **3. Вишок на приходи односно расходи** | **308,27** | **2.793,09** | **469,42** | **0,00** | **0,00** |

Во Буџетот на Фондот како годишен план на приходите и расходите се вклучени планираните приходи и тоа од придонеси, од средствата од

Буџетот на Републиката, од акцизите на нафтените деривати, од продажбата на акции и удели и дивиденда како и други приходи, додека во расходниот дел се вклучени расходите за пензии и надоместоци, придонесот за здравствено осигурување, за транзициони трошоци, за трошоци за платите на вработените, за трошоците за бањско-климатска рекреација и трошоци за превоз за корисниците на овие услуги, за капитални расходи и други трошоци за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување.

Вкупните приходи на Фондот се планирани во износ од **85.795,27** милиони денари, во кој износ најголемо учество имаат изворните приходи кои се застапени со **60,26%** и средствата од Буџетот на Републиката со учество од **37,89%**.

Треба да се напомене дека поради намалување на стапката на придонесот, се намалува и учеството на изворните приходи во вкупните приходи на Фондот, и тоа од **68,0%** во **2008** година кога стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување беше **21,2%** на **55,17%** во **2018** година кога стапката изнесуваше **18,0%** додека за 2022 година е **60,26%** кога придонесот изнесува **18,8**% а учеството ќе беше уште поголемо доколку пандемијата не влијаеше оваа година и кога е намален проектираниот пораст на платите и вработеноста.

Приходите се планирани да се остварат од следните извори, и тоа:

- од придонесите средства во износ од 51.701,94 милиони денари, од кои 9.870,00 милиони денари ќе бидат префрлени во приватните пензиски фондови за вработените и новите членови во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Во рамките на овие приходи од придонесот од плата се планирани средства во износ од 49.820,06 милиони денари. Како основа за планирање на овие приходи се земаат планираните средства во Буџетот на Фондот за 2021 година од 46.688,00 милиони денари и зголемување на платите на вработените од 3,5%, порастот на вработеноста во 2022 година од 3,1%, како и стапката на придинес за ПИО од 18,8% .

- Од Буџетот на Републиката, се планираат средства во износ од 32.504,13 милиони денари од кои 2.400,00 милиони денари за покривање на поповолните пензии, воени, минимални земјоделски пензии, 19.719,13 милиони денари за покривање на дефицитот на Фондот, 9.870,00 милиони денари за покривање на транзициони трошоци и 515,00 милиони денари трансфер од Министерство за одбрана ;
- Од акцизите на нафтените деривати, средства во износ од 1.425,20 милиони денари;
- Од други приходи средства во износ од 144,00 милиони денари;
- Од приходи од дивиденда средства во износ од 10,00 милиони денари и
- Од продажба на акции и удели, средства во износ од 10,00 милиони денари.

## 1. Приходи од придонесите

Приходите од придонесите на Фондот се обезбедуваат од придонесите од плати на вработените, од придонесот од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење (бенефициран стаж), придонесот од плати од физички лица што вршат самостојна дејност и вработените кај нив, од индивидуалните земјоделци и придонес од Агенција за вработување за надоместокот кој го плаќа на привремено невработени лица. По сите овие основи се планираат да се остварат средства, и тоа:

**а) Приходите од придонесот од плати** за 2022 година се планира во износ од 49.820,06 милиони денари. Овие приходи се планирани врз основа на планираните приходи во Буџетот на Фондот со проекциите до крај на 2021 година од 46.688,00 милиони денари и зголемени за порастот на бруто платите од 3,5% и порастот на вработените за 3,1% што се предвидува да се оствари во 2022 година, како и стапка за придонес за ПИО од 18,8%. Учеството на придонесот од плати се планира да изнесува 58,07% во однос на вкупните планирани приходи.

Во 2022 година за приватните пензиски фондови се планираат да се распределат и пренесат средства во износ од 9.870,00 милиони денари, кои Фондот во единствена постапка ги собира, како за Фондот така и за приватните пензиски фондови, а распределбата се врши врз основа на бројот на зачленетите осигуреници. Стапката на придонесот за вториот пензиски столб изнесува 6% од основицата за плаќање на придонесот утврдена со закон. Во 2021 година се планира бројот на члeновите да изнесува околу 552.227 членови. Имено, бројот на вработените во првиот столб се намалува поради заминување во пензија на лица кои не се зачленети во приватните пензиски друштва, а бројот на осигуреници во вториот пензиски столб се зголемува поради задолжително зачленување на ново вработените лица.

**б) Од придонесот од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење** се планираат средства во износ од 597,57 милиони денари. Овие приходи се зголемени во однос на оценетите приходи за 2021 година врз основа на порастот на платите и вработеноста кој се планира да се оствари во 2022 година.

**в) Од физичките лица што самостојно вршат дејност** и вработените кај нив се предвидуваат средства во износ од 1.120,44 милиони денари и истите се очекува да се зголемат како во претходниот период.

**г) Приходите од индивидуалните земјоделци** се предвидуваат да се остварат во износ од 161,87 милиони денари и во споредба со оценките за 2021 година повисоки се бидејќи секоја година се зголемува интересот за регистрирање и плаќање на придонеси кај индивидуалните земјоделци.

**д) Приходи од Агенцијата за вработување** се планираат во износ од 2,00 милиони денари. Овие приходи бележат намалување поради пресметување на истите на нето основица со примена на бруто стапка и како резултат на намалување на бројот на лицата кои примаат паричен

надоместок за кои се плаќа придонес за пензиско и инвалидско осигурување, а кои немаат остварен стаж до 15 години.

Во делот на остварување на средствата од придонесите Фондот ќе ги преземе сите законски мерки за зголемување и обезбедување на поефикасна наплата на придонесите што произлегуваат од законската регулатива, а ќе продолжи и со преземање на мерки за наплата на неплатениот придонес заклучно до 31.12.2008 година. Редовно ќе ги следи податоците за наплатените придонеси од УЈП и ќе врши распределба на средствата до приватните пензиски фондови.

## 2 . Приходи од Буџетот на Републиката

Приходите од Буџетот на Републиката се предвидуваат во износ од 32.504,13 милиони денари, и тоа:

За редовните обврски - пензии остварени под поповолни услови, за воените пензии и минималните земјоделски пензии средства во износ од 2.400,00 милиони денари; 19.719,13 милиони денари за покривање на тековниот дефицит; 9.870,00 милиони денари за транзициони трошоци за вработените кои пристапиле или ќе пристапат во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, 515,00 милиони денари за покривање на исплата на пензии согласно Законот за АРМ до исполнување на условите според Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Учеството на приходите од Буџетот на Републиката во вкупните приходи на Фондот се планираат да изнесуваат 37,89%.

За реализација на обврските на Буџетот на Републиката кон Фондот, секој месец ќе се доставува пресметка со квантифицирање на обврските според сите основи.

## 3. Приходи од акцизи

Приходите од акцизи кои се пресметуваат по стапка од 9,18% од акцизата на продадените нафтени деривати, се планираат во износ од 1.425,20 милиони денари. Овие средства се планираат врз основа на оценетите средства во 2021 година и планираната стапка на зголемување на трошоците на живот од 1,8%. Приходите од акцизите учествуваат со 1,66% во вкупните приходи на Фондот.

## 4. Приходи од дивиденда и од продажба на акциите и уделите на Фондот

Приходите од дивиденда и од продажба на акциите и уделите на Фондот во 2022 година се предвидуваат да се остварат во износ од 20,00 милиони денари, и тоа: од дивиденда 10,00 милиони денари и од продажба на акциите и уделите 10,00 милиони денари.

### 5. Други приходи

Во 2022 година по основа на други приходи, се предвидува да се остварат средства во износ од 144,00 милиони денари. Овие приходи се однесуваат, и тоа: средства од други земји за покривање на пензиите на корисниците на пензија кои живеат во Република Северна Македонија, закупнини, приходи од надомест на штети, приходи од вратени пензии, дивиденда од комерцијални банки и друго. Учеството на овие средства во вкупните приходи на Фондот изнесуваат само 0,17%.

## III. Обврски на Фондот

Вкупните расходи на Фондот за 2022 година се планирани во износ од 85.795,27 милиони денари. Со овие средства се планира да се изврши редовната исплата на пензиите на сите корисници на пензија, како и за новите корисници кои правото ќе го остварат во текот на 2022 година; пренесување на придонесите на индивидуалните сметки на членовите на приватните пензиски фондови, плаќање на придонесот за здравствено осигурување на корисниците на пензија; исплата на надоместоци од инвалидското осигурување, исплата на плата на вработените, капитални расходи трошоци за бањско- климатско лекување и превоз на пензионерите и други трошоци за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување.

### 1. Расходи за пензии

Во 2022 година се планира за исплата на пензиите да се потрошат средства во износ од 66.590,27 милиони денари, или 77,62% од вкупните расходи, а заедно со придонесот за здравствено осигурување (бруто пензии) учеството изнесува 87,70%. Овие расходи се однесуваат за сите видови пензии, и тоа: за исплата на редовните пензии од работничко осигурување (старосни, инвалидски и семејни пензии), минималните земјоделски пензии, воените пензии, исплата на пензии во странство и за исплата на пензиите за новите корисници на пензија кои правото на пензија ќе го остварат во 2022 година.

а) **Расходите за исплата на редовните пензии** во 2022 година се предвидуваат во износ од 66.307,72 милиони денари (од работничко право) и тоа за постојниот број на корисници на пензија и за новиот број кои право ќе остварат во 2022 година, како и за редовното усогласување од 5% од јануари 2022 година согласно усогласувањето на пензиите по Законот за ПИО. Во 2022 година расходите за пензии се планираат да се зголемат, и тоа: по основ на усогласувањето на пензиите и согласно планираниот пораст на нови пензионери за 2022 година од 1,68%.

Бројот на корисниците на пензија се предвидува на крајот на 2021 година да изнесува 330.211 корисници, и тоа:

| Р. бр. | Корисници | 2021 (оценка) | Структура | 2022 (планирано) | Структура | Индекс 4/2 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Старосна | 222.072 | 67,25 | 231.800 | 68,51 | 104,38 |
| 2 | Инвалидска | 31.040 | 9,40 | 29.922 | 8,84 | 96,40 |
| 3 | Семејна | 76.048 | 23,03 | 75.667 | 22,36 | 99,50 |
| 4 | Воени | 982 | 0,30 | 913 | 0,27 | 92,97 |
| 5 | Земјоделски | 69 | 0,02 | 57 | 0,02 | 82,61 |
| | Вкупно | 330.211 | 100,00 | 338.359 | 100,00 | 101,8 |

На крајот на 2022 година се предвидува бројот на корисниците на пензија да изнесува 338.359 корисници, или повеќе за 8.148 корисници, односно за 1,68% редовен пораст и плус 2.600 корисници кои ќе заминат во пензија на 01.07.2022 година согласно Законот за работни односи со ограничување на рокот за пензионирање на корисниците кои поднеле изјава за продолжување на работниот однос. Од овој број се планира 9.728 корисници да остварат право на старосна пензија, да се намалат за 1.118 корисници на инвалидска пензија, а исто така да се намалат за 381 корисници на семејна пензија, како и да се намали и бројот на корисници на воени пензии за 69, а кај корисниците на земјоделски пензии за 12 корисници. И во 2022 година се очекува да продолжи порастот на бројот на корисници на пензија како резултат на остварување право на пензија исклучиво со исполнување на старосната граница.

Вкупната просечна пензија во декември 2022 година се планира да достигне ниво од над 16.745,00 денари, или за 5,36% повеќе во споредба со декември 2021 година (15.893), како резултат на планираното редовно усогласување согласно Законот за ПИО и повисоките пензии кои ги остваруваат новите корисници во однос на пониските пензии кои ги имаат починатите корисници во пресметковниот период.

**б) Расходите за минималните земјоделски пензии** се планирани во износ од 6,10 милион денари и истите се намалуваат во однос на 2021 година како резултат на природниот одлив на овие корисници на пензија.

**в) Расходите за воените пензии** во 2022 година се планира да изнесуваат 276,45 милиони денари и истите се намалуваат во однос на 2021 година исто така како резултат на природниот одлив на овие корисници на пензија.

## 2. Транзициони трошоци

Со Буџетот на Фондот за 2022 година се планираат 9.870,00 милиони денари средства за придонеси до приватните пензиски фондови по основ на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Овие средства се планирани врз основа на бројот на зачленети осигуреници во приватните пензиски фондови во 2021 година и очекувани нови членови кои за прв пат ќе се вработат во 2022 година, а кои согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, ги исполнуваат условите за членство во задолжителното осигурување.

На крајот на 2021 година, бројот на членовите во приватните пензиски фондови се оценува дека ќе изнесуваат околу 552.227 членови. Во 2022 година се предвидува пораст на вработеност од 3,1%. Со оваа стапка се очекува зголемување на бројот на нововработените кои задолжително ќе пристапат во вториот столб. По извршената распределбата на придонесите помеѓу Фондот и приватните пензиски фондови, Фондот има законска обврска средствата да ги уплати во рок од 8 дена.

## 3. Надоместок за телесно оштетување

Во 2022 година за исплата на паричен надоместок за телесно оштетување се планираат средства во износ од 90 милиони денари и истите се на ниво од оценетите средства од 2021 година.

## 4. Надоместоци од инвалидското осигурување

За исплата на парични надоместоци по основа на преостаната работна способност од инвалидското осигурување се планираат средства во износ од 8,00 милиони денари.

## 5. Расходи за интернатско сместување на деца попречени во психофизичкиот развој

За исплата на средствата за интернатско сместување на деца попречени во психофизичкиот развој, се планира износ од 2,0 милиони денари. Овие средства се на ниво на оценетите средства од 2021 година.

## 6. Придонес за здравствено осигурување на корисници на пензија

Согласно Законот за ПИО, Фондот има обврска да плаќа придонес за здравство за корисниците на пензија по нето стапка од 13% на пресметаната пензија. За таа цел, со Буџетот на Фондот за 2022 година се планираат

средства во износ од 8.388,31 милион денари. Овие средства се пресметуваат по стапка од 13% на износот на пензии. Учеството на расходите за здравствено осигурување во вкупните расходи изнесува 10,05 %.

## 7. Надоместок на Стручната служба на Фондот

Надоместокот на Стручната служба на Фондот во 2022 година се планира во износ од 297,58 милиони денари за 620 вработени. Овие средства се предвидени согласно постоечката состојба со вработените од 537 и согласно донесените измени на Законот за работни односи ќе се одлеат поголем број на вработени, па е планирано ново врабатување од 83 лица со високо и средно образование согласно потребите на Фондот за извршување на работните задачи. Во Фондот повеќе година не се извршени нови вработувања и бројот е сведен на најниско ниво, што не е доволен за редовно извршување на задачите. Поради природен одлив (пензионирање) и други причини, од Фондот секоја година се одлива кадар, а повеќе години не е примен нов стручен кадар, така што работните обврски не можат де се реализираат навреме што придонесува да не се донесуваат навреме решенија и идните пензионери чекаат подолго време за донесување на решенија и исплата на пензии, а немаат други приходи ниту здравствено осигурување. Од овие причини Фондот планира да се изврши вработување на нови кадри и се предвидени средства за истите. Расходите за надоместокот на Стручната служба во вкупните расходи учествува само со 0,36%.

## 8. Други расходи

Трошоците за други расходи се планираат во износ од 192,65 милиони денари. Овие расходи се однесуваат за трошоци за одржување, комунални услуги, материјали, стоки и услуги, трошоци за судски такси и финансирање на стечајни постапки и други трошоци за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување, вработување на 80 лица со високо, вишо и средно образование на определено време преку Агенција за привремени вработувања, како и вработување на 60 лица со договор за самостојно вршење на дејност. Учеството на овие расходи во вкупните расходи на Фондот изнесува 0,23%.

## 9. Капитални трошоци

Во 2022 година, за капитални трошоци предвидени се средства во вкупен износ од 50,00 милиони денари и истите се однесуваат, и тоа:

- 25,00 милиони денари за набавка на компјутерска и друга опрема,
- 22,00 милиони денари за реконструкција на деловни објекти (од кои 15,00 милиони денари се планираат за Централа, филијали и деловници и

7,00 милиони денари за реконструкција на домовите за живеење на корисниците на пензија). Со овие предвидени средства се планира да се изврши реконструкција и адаптација на деловните објекти на Фондот во Централата, филијалите и деловниците, како и во пензионерските домови како би се подобриле условите за работа на вработените и на корисниците на пензија.

- 3,00 милиони денари за набавка на моторни возила, поради тоа што Фондот располага со моторни возила на кои на повеќето староста им изнесува повеќе од 25 години, па трошоците за одржување се поголеми и не може поради староста да се одржуваат и е потребна набавка на нови возила за кои нема да има повеќе години трошоци за одржување и безбедноста на вработените кои ги користат нема да биде загрозена.

## IV. Финансиски резултат

Со податоците за макроеконмските индикатори за 2022 година и другите податоци за пораст на корисниците на пензија, стапката на придонес за ПИО, се пресметани приходите и расходите на Фондот заедно со планираните средства од Буџетот на Републиката и се предвидува дека Фондот во 2022 година ќе оствари избалансирани приходи и расходи.

Со предвидените вкупни приходи со Буџетот на Фондот за 2022 година во износ од 85.795,27 милиони денари се предвидува да се обезбеди покривање на сите планирани обврски на Фондот во износ од 85.795,27 милиони денари, односно редовна исплата на пензиите и другите права од пензиското и инвалидското осигурување согласно законската регулатива, како и другите трошоци кои се неопходни за извршување на дејноста.

За таа цел, посебен приоритет во работата на Фондот и во 2022 година ќе биде преземање на мерки и активности за реализација на приоритетните цели на Фондот, контрола на податоците од наплата на придонесите, наменско користење на средствата предвидени во Буџетот, рационално и економично работење, како и спроведување на препораките од Владата на Република Северна Македонија за економично и рационално трошење на средствата за тековните расходи.